

Локални избори 2013

# КАНДИДАТ: ВЛАДИМИР ТАЛЕСКИ

## ОПШТИНА: БИТОЛА

## ПЕРИОД: 2009-2013

## ОБЛАСТ: ПРИОРИТЕТИ

## РЕЗУЛТАТИ:




## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Градоначалникот Владимир Талески во својата предизборна програма за периодот 2009-2013 има наведено 10 (десет) проекти како приоритетни. Според анализата на Вистиномер, од овие 10 приоритетни проекти: 2 (две) се исполнети, 4 (четири) се делумно исполнети, а 4 (четири) се неисполнети.

Според овие бројки исполнетоста на приоритетните ветувања на градоначалникот на општина Битола се: 20% исполнето, 40% неисполнето и 40% делумно исполнето.

*Оценето од: Марија Теговска*

# ПРОЕКТИ ОД ДЕЛОТ ПРИОРИТЕТИ:

## 1. Доизградба и отворање на индустриската зона „Жабени“




**Образложение:**

Во текот на цела 2012 година, во делот на индустриската зона „Жабени“ се продадоа 45 парцели на вкупно 26 инвеститори. На крајот на 2012 година, започнаа со работа и првите вработени во Кромберг и Шуберт. Моментално има 200 вработени.

**Линкови:**

- Општина Битола [Пристапено на: 07.02.2013]
- Тера телевизија (18.01.2013): Мирсад Јонуз ќе гради фабрика во Жабени [Пристапено на: 07.02.2013]
- Утрински весник (02.10.2012): Повелете на тура за иднината „Жабени“ [Пристапено на: 07.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 2. Реконструкција и уредување на автентичната битолска рекреативна зона Тумбе кафе




**Образложение:**

Направен е детален урбанистички план на Тумбе кафе, парите за проектот за негова реконструкција се очекуваат во 2013 година.

**Линкови:**

- Орбис (14.02.2013): Инвестиции за подобра иднина на Битола-понуди Талески (Митинг на Владимир Талески , за промоција на својата нова програма за претстојните локални избори) [Пристапено на: 09.02.2013]
- Дневник (28.10.2010): Се враќа сјајот на Тумбе-кафе [Пристапено на: 09.02.2013]
- Тера ТВ (03.12.2012): Ќе се гласа новиот буџет [Пристапено на: 09.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 3. Трансформација на централното градско подрачје- плоштад Гоце Делчев во пешачка зона со изградба на подземни гаражи и деловни објекти




**Образложение:**

И покрај најавите за изградба на плоштадот Гоце Делчев, што како проект најавено беше дека ќе почне да реализира во текот на 2010 година, се уште не е започната изградбата ни на пешачката зона, ни на подземните гаражи а истото важи и за отворањето на нови деловни објекти.

*Оценето од: Марија Теговска*

**Линкови:**

- Time.mk (03.02.2010): Во центарот на Битола ќе се гради нов плоштад [Пристапено на: 16.02.2013]
- Тера ТВ (14.12.2012):СДСМ за сообраќајниот хаос во Битола [Пристапено на: 16.02.2013]
- Тера ТВ (30.05.2012):Протест против катната гаража [Пристапено на: 16.02.2013]
- Тера ТВ (09.07.2012): Што ќе решат катните гаражи? [Пристапено на: 16.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 4. Реконструкција и асфалтирање на сите главни сообраќајници во градот, изградба на паркинзи и катни гаражи




**Образложение:**

Најавена беше изградба на катна гаража зад зградата на ЈАТ во центарот на градот, за која имаше големо несогласување кај станарите на соседните згради кои протестира против изградбата на катната гаража. И покрај најавата за изградба на катни гаражи нивната изградба се уште не е започната.

Според градоначалникот на Општина Битола „изградбата на катна гаража нема да се случи за скоро, затоа што општината се уште не добила согласност од Министерството за транспорт и врски.“

**Оценка: Неисполнето**

## 5. Реконструкција на застарена водоводна мрежа и замена на азбесно-цементни и поцинкувани цевки на повеќе од 20 км




**Образложение:**

Според вработените во ЈКП Водовод замената на овие цевки е направена и на повеќе од 20 км.

**Линкови:**

- Отчет: страна 65 [Пристапено на: 19.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

## 6. Реконструкција и реновирање на основните училишта во Битола




**Образложение:**

Како дел од проектот за реконструкција и реновирање на основните училишта во периодот од 2009 до 2012 година реконструирани беа следните училишта:

- ОУ „Даме Груев“,
- ОУ „Св. Кирил и Методија“
- ОУ „Јане Сандански“
- ОУ „Ѓорѓи Сугарев“
- ОУ „Трипун Пановски“
- ОУ „Јован Калаузи“
- СОТУ „Ѓорѓи Наумов“

Според учениците кои учат во овие училишта поставена е нова дограма и реновирани се тоалетите, кај дел е реновирана кровната конструкција и се реновирани дел од училниците.

Што се однесува на ОУ „Тодор Ангелевски“, реновирањето на неговите простории се спроведуваше во 2008 година.

Ветувањето се оценува како делумно исполнето поради тоа сите основни училишта во Битола не се целосно реновирани, потреба која ја истакнуваат учениците.

**Линкови:**

- Општина Битола [Пристапено на: 12.02.2013]
- Отчет: страна 87 [Пристапено на: 12.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 7. Иницирање на трансформација на туристичкиот рекреативен центар и воведување на нови содржини со цел заживување на националниот парк Пелистер




**Образложение:**

И покрај поставувањето на заживувањето на националниот парк Пелистер како еден од главните приоритети за Општина Битола, во изминатиот период не е направен ни еден поголем зафат за трансформација на истиот.

**Линкови:**

- Тера ТВ (10.09.2012): Ќе се санира свлечиштето на Пелистер [Пристапено на: 26.02.2013]
- Тера ТВ (29.05.2012): Пат од дупки до Пелистер [Пристапено на: 26.02.2013]
- Тера ТВ (09.02.2012): Снег има ама како да се стигне до Пелистер [Пристапено на: 26.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

### 8. Реконструкција на Домот за стари лица „Сју Рајдер“




**Образложение:**

Во текот на месец јануари 2012 година, беше потпишан договор за реконструкција на Домот за стари лица „Сју Рајдер“. Според договорот предвидено беше реконструкцијата да се заврши во рок од една година. Според градоначалникот на Општина Битола: „Годинава нема да заврши во целост реконструкцијата се надевам дека до крајот на градежната сезона ќе успееме да го сведеме делот до карабина, а наредната година цел проект за реконструкција на Сју Рајдер да биде завршен во целост.“

**Линкови:**

- Тера ТВ (21.01.2012): Потпишан договорот за старскиот дом „Сју Рајдер“ [Пристапено на: 09.02.2013]
- Тера ТВ (15.12.2012): Општината со одговор на пресот на СДСМ [Пристапено на: 09.02.2013]
- Тера ТВ (26.11.2012): Застој во реконструкцијата на Сју Рајдер [Пристапено на: 09.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

### 9. Проект „Нула толеранција за дивите депонии“ Проектот е замислен така што за секое населено место да се одреди локација каде би можел да се депонира отпадот.




**Образложение:**

Во рамките на проектот „Нула толеранција за дивите депонии“, бројот на депониите во Општина Битола е намален од 120 на 24. Со цел намалување на бројот на депонии во изминатиот период се спроведуваа акции за чистење на Битола. Но се уште не е обезбедена локација за секое населено место каде што би можел да се депонира отпадот.

**Линкови:**

- Тера ТВ (06.11.2012): Голема акција за чистење на Битола [Пристапено на: 18.02.2013]
- Тера ТВ (29.03.2012): Пролетна генералка на градот [Пристапено на: 18.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

## 10. Изградба на пречистителна станица




**Образложение:**

Во текот на месец октомври 2011 година, во соработка со амбасадорот на Република Словенија, најавена беше изградбата на пречистителната станица. Нејзината изградба почна, но сè уште не е целосно завршена и пуштена во употреба.

**Линкови:**

- Daily.mk: Пречистителна станица ќе ја бистри градската река [Пристапено на: 09.02.2013]
- Орбис (01.02.2013): Првин истрагата, потоа „Копанки“ - по закон [Пристапено на: 09.02.2013]
- Орбис (31.10.2012): Стокмена програмата за 4-ти ноември [Пристапено на: 09.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*